Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 199 став 5 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК

**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-3787/1 од 19.6.2019 година, бр. 01-2223/1 од 22.04.2020 година и 01-4920/1 од 22.07.2021 година**

**Член 1**

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката број 01-3787/1 од 19.06.2019 година, бр. 01-2223/1 од 22.04.2020 година и 01-4920/1 од 22.07.2021 година, зборовите „еднаш годишно, при изготвување на предлог Буџетот на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството), за наредната година,“ во член 6 став 2, се бришат.

**Член 2**

Членот 7 се менува и гласи:

„Вредноста на коефициентот за лицата упатени на меѓународна должност во странство изнесува:

1. За воените лица:

| | |
|---|---|
| - бригаден генерал – генерал потполковник, Висок воен претставник, шеф на воен оддел | 4.40 |
| - полковник, одбранбено аташе, раководител на Канцеларија за врски (Национален воен претставник) | 4.30 |
| - полковник | 4.10 |

| | |
|---|---|
| - потполковник, одбранбено аташе, Раководител на Канцеларија за врски (Национален воен претставник) | 3.90 |
| - потполковник | 3.70 |
| - мајор | 3.40 |
| - капетан | 3.20 |
| - поручник | 3.00 |
| - главен наредник, наредник | 2.80 |
| - постар водник, постар водник 1 класа | 2.60 |
| - водник, водник 1 класа | 2.40 |
| - професионален војник | 2.20 |

2. За административните службеници:

| | |
|---|---|
| - Административен службеник од категорија Б или В, со стаж над 15 години | 4.10 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 10 до 15 години | 3.90 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 7 до 10 години | 3.70 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 5 до 7 години | 3.50 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж до 5 години | 3.30 |
| - Административен службеник од категорија Г | 2.80 |

### Член 3

Во членот 19 став 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„трошоци за превоз на лични ствари од привременото хотелско или апартманско сместување до станот/резиденцијата."

Алинејите 2, 3 и 4 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

### Член 4

Во членот 20 се додаваат нови ставови 3 и 4 кои гласат:

„за исплатување на надоместокот на трошоци за превоз на лични ствари од привременото хотелско или апартманско сместување до станот/резиденцијата вработениот поднесува писмена изјава до надлежната организациона единица во Министерството и валиден документ од кој може да се согледа висината на надоместокот за превоз.

Надоместокот на трошоците од став 3 на овој член не се исплатува во случај на постоење на службено моторно возило"

**Член 5**

Во членот 28, ставот 2 се менува и гласи:

„Годишниот износ за репрезентација на службени потреби го користат:

- Воениот претставник на постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО;
- Другите лица од Министерството упатени на должност во постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО;
- Воените претставници со генералски чин;
- Одбранбеното аташе
- Раководител на Канцеларија за врски (Национален воен претставник) при Сојузничката команда за операции, Монс, Белгија и
- Високиот штабен офицер во ОБСЕ."

**Член 6**

Член 31 се менува и гласи:

„Здравствената заштита на лицата упатени на работа во странство и за членовите на нивните семејства во земјите на прием се врши во обем утврден согласно позитивните законски прописи.

Здравствената заштита за лицата упатени на работа во странство и за членовите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија има билатерален договор за здравствено осигурување се врши врз основа на тој договор и договор за здравствено осигурување склучен меѓу претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство и институција во земјата на прием која врши здравствено осигурување.

Здравствената заштита за лицата упатени на должност во странство и за членовите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија нема билатерален договор за здравствено осигурување се врши врз основа на договор за здравствено осигурување склучен меѓу претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство и институција во земјата на прием која врши здравствено осигурување.

Договорот за здравствено осигурување склучен меѓу лицето упатено на работа во странство и институција во земјата на прием која врши здравствено осигурување се склучува по претходно добиено одобрување од страна на Министерството за одбрана, по претходно поднесено барање за одобрување од лицето упатено на должност во странство кое содржи понуди од осигурителни компании од земјата на упатување.

Надоместокот на трошоци за здравствено осигурување се исплатува врз основа на решение донесено по писмена согласност од страна на комисијата од член 21 од овој Правилник.

Комисијата се изјаснува по добиени најмалку три писмени понуди, доставени од претставништвото, односно од лицето упатено на должност во странство.

По добиената согласност, претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство доставува копија од договорот за здравствено осигурување

склучен меѓу претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство и институција во земјата на прием која врши здравствено осигурување, со превод на македонски јазик, најдоцна 10 дена од денот на потпишувањето.

Решението од став 5 на овој член се донесува по потпишување и доставување на договорот до надлежната организациона единица во Министерството."

**Член 7**

Член 32 се менува и гласи:

„Трошоците за годишната членарина за учество во Асоцијацијата на Одбранбени аташеа во земјите на акредитација, Здружението на Националните воени претставници при SHAPE (NMR Echelon) и други организации на лицата упатени во странство на должност Одбранбено аташе, Висок воен претставник при НАТО, Раководител на Канцеларија за врски (Национален воен претставник) и Висок штабен офицер во ОБСЕ паѓаат на товар на Министерството."

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-1172/1
Датум 16-02-2022

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска